**20100440843**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 10.03.2010 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2001, 31/2003, 137/2006, 25/2007, 25/2007 и 151/2007), членот 6-а се брише.

Член 2

Во член 9 ставот 1 се менува и гласи:

„Фондот на здравствената установа на избраниот лекар и плаќа 70% од надоместокот за капитација утврден согласно член 6, 7 и 8 од овој правилник, како надоместок за трошоците за:“

Член 3

Во член 10 ставот 1 се менува и гласи:

„Фондот да исплати на здравствената установа на избраниот лекар 30% од надоместокот за капитација утврден согласно член 6,7 и 8 од овој правилник како надоместок за следните активности:“

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.04.2010 година.

Бр. 02 - 3638/5<br>10 март 2010 година<br>Скопје

Управен одбор<br>Претседател,<br>**Елена Трпковска**, с.р.